Врз основа на член 2, глава б), точка 9 од Програмата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.16/19), член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), а согласно Решението за распишување на избори за претседател на Република Македонија, објавено во ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 34/2019), Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на ден 12.02.2019 година донесе:

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија
Бр. 09-117/7
12.02.2019 год.
СКОПЈЕ

ОДЛУКА

за ставање во мирување на Јавен повик за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации

1. ВО МИРУВАЊЕ се става постапката за доделување на финансиска поддршка на културни,забавни,спортски,гастрономски и еколошки манифестации согласно објавениот јавен повик со број 09-117/3 од 05.02.2019 година.

2. Оваа одлука стапува на сила од денот на нејзино донесување.

Образложение

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на ден 05.02.2019 година објави Јавен повик со бр. 09-117/3 од 05.02.2019 година за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спорстки, гастрономски е еколошки манифестации. Повикот беше објавен на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk како и во два дневни печатни весници „Нова Македонија и Коха.

Согласно Решението за распишување на избори за претседател на Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 34/2019), а врз основа на член 8-а став (2) и став (3) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) меѓудругото од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија започнатите постапки се ставаат во мирување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот.

**Директор**
**Љупчо Јаневски**

Изработил:Соња К.Петковски